Macedonian
Cubing
Association

Здружение за спортски активности „Македонска Кјубинг Асоцијација“ - Скопје
Адреса: Васко Карангелески 23-4 Скопје,
Телефон: +38970222426, Email: contact@speedcubing.mk
Број на сметка: 210-072961690158, Депонент: НЛБ”Тутунска Банка”
Матичен број: 7296169, Даночен број: 4032018538907

# СООПШТЕНИЕ

На **17 Ноември 2018 Македонската Кјубинг Асоцијација (МКА)** ќе организира **интернационален натпревар во брзо решавање на рубикова коцка (speedcubing),** кое е делегирано од страна на World Cube Association (WCA). Натпреварот ќе се одржи на Шумарски Факултет, УКИМ – Скопје.

„Speedcubing“ подразбира брзо решавање на рубикова коцка, но и други форми и варијации на рубиковата коцка. Главниот организатор на вакви натпревари е World Cube Association (WCA), која одржува преку 1000 натпревари годишно, низ целиот свет. На 17 ноември 2018 на натпреварот во Македонија доаѓа еден од основачите на WCA и бивш светски рекордер господинот Ron van Bruchem од Холандија.

На натпреварот се пријавени **80 учесници од 10 држави**, од кои преку половина се од Македонија.Ова е одличен податок за нас бидејќи говори дека ние како асоцијација многу брзо успеавме да остваримиме една од нашите главни цели да го зголемиме интересот за решавање на Рубиковата коцка кај нашата млада популација. Учесниците ќе се натпреваруваат во 7 категории: **3x3x3 (Рубикова коцка), 2x2x2, 4x4x4, 5x5x5, 3x3x3 со една рака, Skewb и Pyraminx**.

Натпреварот ќе трае од 09:00 – 18:00 часот, а финалето во рубикова коцка би требало да се одвива од 17:00 – 18:00 часот.

Влезот е слободен за сите посетители.

Моменталниот македонски рекорд во местење на рубикова коцка е 10.23 постигнат од Александар Дуклески. Целосна листа на македонските рекорди може да најдете овде.

Целосни информации околу натпреварот може да најдете на Facebook настанот.

Официјална Facebook страна на асоцијацијата.

Задоволство ни е да Ве поканиме на настанот со вашето присуство да ни помогнете во промоција на истиот.
Однапред Ви благодарам.

Со почит,
Александар Арсовски
Претседател на Македонска Кјубинг Асоцијација

## Schedule for Saturday (November 17, 2018)

| Start | End | Activity | Room | Format | Time limit | Cutoff | Proceed |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 08:00 AM | 12:30 PM | Registration | *Main room* | | | | |
| 09:00 AM | 10:00 AM | 5x5x5 Cube Combined Final | *Main room* | Best of 2 / Average of 5 | 6:00.00 | 2 attempts to get < 3:00.00 | |
| 10:00 AM | 11:00 AM | 4x4x4 Cube Combined Final | *Main room* | Best of 2 / Average of 5 | 4:00.00 | 2 attempts to get < 2:00.00 | |
| 11:00 AM | 11:45 AM | Skewb Final | *Main room* | Average of 5 | 2:00.00 | | |
| 11:45 AM | 12:30 PM | Pyraminx First round | *Main room* | Average of 5 | 2:00.00 | | Top 8 advance to next round |
| 12:30 PM | 01:15 PM | Lunch | *Main room* | | | | |
| 01:15 PM | 02:15 PM | 3x3x3 Cube First round | *Main room* | Average of 5 | 5:00.00 | | Top 75% advance to next round |
| 02:15 PM | 03:00 PM | 2x2x2 Cube Final | *Main room* | Average of 5 | 2:00.00 | | |
| 03:00 PM | 03:45 PM | 3x3x3 Cube Second round | *Main room* | Average of 5 | 2:00.00 | | Top 8 advance to next round |
| 03:45 PM | 04:30 PM | 3x3x3 One-Handed Combined Final | *Main room* | Best of 2 / Average of 5 | 2:00.00 | 2 attempts to get < 1:00.00 | |
| 04:35 PM | 04:55 PM | Pyraminx Final | *Main room* | Average of 5 | 2:00.00 | | |
| 05:05 PM | 05:45 PM | 3x3x3 Cube Final | *Main room* | Average of 5 | 1:00.00 | | |
| 05:50 PM | 06:00 PM | Awards | *Main room* | | | | |